МУЗЕЈ НА СОВРЕМЕНАТА УМЕТНОСТ
— СКОПЈЕ

# ДИМЧЕ КОЦО

(САМОСТОЈНА ИЗЛОЖБА НА СЛИКИ,
СКУЛПТУРИ, ЦРТЕЖИ, ТАПИСЕРИИ)

ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ „ДРАГА СТОЈАНОВСКА“
— РАКОТИНЦИ

МАЈ 1979 ГОДИНА

Музејот на современата уметност во Скопје во својата дејност предвидува разни тематски дидактички изложби во работни колективи, училишта во градот и селата на Скопска околија. Овој пат Музејот има желба во Основното училиште „Драга Стојановска“ во Ракотинци да им го претстави ликовниот уметник и академик, Димче Коцо, некогашен професор на Историско-филозофскиот факултет во Скопје.

Овој познат уметник својот творечки опус го изразува низ разновидни ликовни дисциплини. Во почетокот е заинтересиран за сликарството, скулптурата и цртежот а последниве две децении интензивно се занимава со тапиserија. Во сите спомнати области, главниот интерес на овој уметник е свртен кон човекот, односно фигурата.

Неговото сликарство се одликува со упростување и стилизирање на формите со што се приближува до духот на народниот творец.

Во скулптурата, преку класичниот третман во обликување својствен на првите дела, со систем на редукција, доаѓа до поедноставување на масите, каде што ликот само го највува, односно назначуоа со неколку основни потези.

Цртежот уметникот го одгледува како посебна ликовна дисциплина или како подготовка за изведување на слика, скулптура или тапиserија. Во својата основа, тој и во цртежот се задржува на традицијата и националното во уметноста, но искажано со современ ликовен јазик.

Речиси повеќе од две децении од творештвото на Коцо е исполнето со стрплива и голема љубов кон тапиserијата. Тој во тапиseriите ги решава проблемите со користење на стилизација на облиците, максимално упростени, со исклучување на детали, обмислено нагласена деформација на фигурите, внесување на многубројни симбо, ли и елементи на надреализмот. Тоа се главно стилските елементи кои го карактеризираат овој дел од творештвото на уметникот. Содржински творештвото на Коцо е свртено кон теми од нашето средновековно минато, како и од денешното секојдневие.

Коцо е еден од пионерите на македонската ликовна теорија. Објавил голем број трудови од областа на историјата на уметноста, што се однесуваат најповеќе на средновековните споменици во Македонија. Повремено се занимавал и со ликовна критика.

# КАТАЛОГ

## Таписерии

1. СРЕДНОВЕКОВЕН ВОИН, таписерија, 97 x 77, 1962 (Уметничка гал., Скопје)
2. ВЕЛИКОДОСТОЈНИК III, таписерија, 160 x 100, 1976 (Гашо Коцев, Скопје)
3. ВОСХИТ, таписерија, 140 x 139, 1972 (автор)
4. ЗАДУШНИЦА, таписерија, 141 x 105, 1970 )Гашо Коцев, Скопје)
5. БЕСЕДА, таписерија, 236 x 208, 1964 (автор)

## Слики

6. КОМПОЗИЦИЈА I, масло на платно, 1962 (автор)
7. КОМПОЗИЦИЈА II, масло на платно, 1962 (автор).

## Скулптури

8. ПОРТРЕТ НА ГАШӨ, гипс 1955 (автор)
9. ПОРТРЕТ НА ДЕВОЈЧЕ, 1958 (автор)
10. ГЛАВА I, патиниран гипс 1958 (автор)
11. ГЛАВА II, патиниран гипс 1958 (автор)
12. ГЛАВА III, патиниран гипс 1961 (автор).

## Цртежи

13. ТАГА, фломастер, 29,5 x 21, 1966 (МСУ, Скопје)
14. ПРИЈАТНО РАСПОЛОЖЕНИЕ, фломастер, 29,5 x 21, 1967 (МСУ, Скопие)
15. ПАЗАРЏИЈА, фломастер, 29,5 x 21, 1968 (МСУ, Скопје)
16. МАЈКА СО ДЕТЕ I, фломастер, 29,5 x 21, 1968 (МСУ, Скопје)
17. МАЈКА СО ДЕТЕ II, фломастер, 29,5 x 21, 1968 (МСУ, Скопје).